**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-113/5**

**Скопје, 22.02.2008 година**

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ – РАДОВИШ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Радовиш – Радовиш приходи наплатени од органи (во понатамошниот текст Основен суд) за 2006 година кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Славчо Милев – в.д.Претседател на Основен суд Радовиш од 01.01. до 22.02.2006 година,
   - Ангел Диманов - Претседател на Основен суд Радовиш од 22.02.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 17.12.2007 година до 21.12.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти***

10.1.1. Не е изработен Преглед на изречените и наплатени парични казни, трошоците за постапка и пленување на имотна корист, како прилог кон завршната сметка, спротивно на член 338 од Судскиот Деловник („Службен весник на Република Македонија„ бр.09/97). Некомлетноста на завршната сметка придонесува Основниот суд да не располага со податоци за степенот на наплатливост на изречените и наплатените парични казни, со што постои можност за нивно застарување и неможност за нивна наплата.

**Препорака:**
Изработката на Прегледот на изречените и наплатените парични казни, трошоците за постапка и конфискуваниот имот и имотна корист согласно член 345 од Судскиот Деловник („Службен весник на Република Македонија„ бр.71/07) да е составен дел на завршната сметка.

***10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела***

10.2.1. Постои неусогласеност помеѓу позициите Парични средства и Пасивни временски разграничувања во делот на Дел од вишокот на приходите пренесени во наредна година во износ од 195 илјади денари, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непримената на основното сметководствено начело на парично искажување во минати години оневозможува веродостојност на билансните позиции.

**Препорака:**
Да се усогласи состојбата на сметките искажана на ден 31.12.2006 година согласно начелото на парично искажување и да се изврши усогласување на сметките.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, наодите од Претходниот извештај на Основен суд Радовиш – Радовиш – сметка за редовно работење од точките 10.1.1, 10.1.2, 10.1.3, 10.2.2, 10.2.3, 10.2.4, 10.2.5, 10.2.6, 10.3.2, 10.3.3, 10.3.4 и 10.4. како и точката 14. се исти и во овој извештај.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2.1, како и во точките 10.2.6, 10.3.1. и 10.3.2. од Претходниот извештај на Основен суд Радовиш – Радовиш –сметката за редовно работење, финансиските

извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Радовиш - Радовиш – сметка приходи наплатени од органи на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.1. до 11.4. кај Основен суд Радовиш - Радовиш - сметка приходи наплатени од органи не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. Основниот суд на целокупниот остварениот вишок на приходи над расходи во износ од 349 илјади денари, пресметал данок на добивка во износ од 52 илјади денари. Ревизијата изразува сомневање дека обврската за пресметка и уплата на данок од добивка кај основните судови се врши без точно утврдено законско толкување на член 47 став 1 од Законот за данок на добивка (пречистен текст) согласно кој ....„Приходите што се строго наменски за одвивање на дејноста кај правното лице - даночен обврзник (буџети, фондови) не влегуваат во даночната основа за пресметување на данок од добивка„......... Исто така ревизијата смета дека поради воспоставениот начин на пресметка и уплата на данокот на добивка неосновано се врши одлив на средства од основните судови во корист на Буџетот на Република Македонија.
    Поради ваквиот начин на толкување на Законот за данок од добивка, потребно е основните судови во соработка со надлежните институции да превземат иницијатива за добивање автентично толкување на член 47 од Законот за данок на добивка од страна на Законодавно правната комисија при Собранието на Република Македанија, како надлежна согласно член 182 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

**Скопје, 12.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

**Основен суд Радовиш - Радовиш**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 952 | 491 |
| **Вкупно приходи** | **952** | **491** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 592 | 481 |
| **Вкупно тековни расходи** | **592** | **481** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 10 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **10** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **602** | **481** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **350** | **10** |

**Основен суд Радовиш - Радовиш**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 502 | 140 |
| Активни временски разграничувања | 5 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **507** | **140** |
| **Вкупна актива** | **507** | **140** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 3 | 8 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 6 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 52 | 2 |
| Пасивни временски разграничувања | 337 | 9 |
| **Вкупно тековни обврски** | **392** | **25** |
| **Извори на средства** | | |
| Ревалоризациона резерва | 115 | 115 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **115** | **115** |
| **Вкупна пасива** | **507** | **140** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------